Декември 2003

# ЕЦМП НВО Мрежа Информатор

**ЕЦМП НВО Мрежа за подобрување на меѓуетничките односи во Република Македонија**

Ова е информаторот на ЕЦМП НВО Мрежата за подобрување на меѓуетничките односи во Република Македонија. Оваа мрежа е резултат на заедничката иницијатива помеѓу Европскиот центар за малцински прашања (ЕЦМП), од Фленсбург, Германија и членките на Мрежата. Оваа Мрежа ќе ја зголеми соработката на НВОи-членки кон развој и унапредување на меѓуетничката толеранција, почитување на разликите и дијалогот помеѓу оние кои живеат во Република Македонија. Посебно, оваа НВО Мрежа цели да ги зајакне капацитетите на НВОи-учеснички да создаваат заеднички проекти и други иницијативи со силна меѓуетничка димензија и да ги имплементираат таквите иницијативи.

## Вести од ЕЦМП НВО Мрежата

**Декември 4**

**ЕЦМИ Регионална Канцеларија Скопје**

**Евалуација од страна на Г-дн. Свен Охлунд – Шведска Меѓународна Агенција за Развој и Соработка**

Г-дн. Свен Охлунд по овластување од Шведска Меѓународна Агенција за Развој и Соработка денеска започна со евалуација на работата на ЕЦМИ Мисијата во Република Македонија.




Евалуацијата започна со состанок во Регионалната Канцеларија во Скопје и ќе продолжи до 12 Декември со посета на Регионалните Центри во Штип, Куманово, Тетово и Гостивар како и учество на Г-дн. Свен Охлунд на Генералното Собрание на ЕЦМИ Мрежата.

Иницијалниот состанок започна со ДР. Ибн Фридман, Придружен Истражувач и Роберт Рустем, Истражувачки Асистент кој го презентираа Проектот "Кон Регионална Интеграција на Ромите во Република Македонија".

Последователно Сунур Верма, Регионалниот Претставник направи краток осврт на ЕЦМИ Мрежата и го претстави Тимот. Состанокот продолжи со презентациите на Елизабета Марковска - Програм Менаџер, Верица Грданоска – Раководител со содржината на Веб Страната, Гордана Цветкоска –

Офис Менаџер и Винко Јукиќ – Финансиски Менаџер. Дискусијата која следеше допринесе кон уште подобро запознавање на Г-дн. Свен Охлунд со ЕЦМИ Мрежата и нејзината мисија.

**E-mail:** ecmimkd@ecmingonet.org.mk

**Декември 9**

**ЕЦМИ НВО Мрежата**

**Состанок на Координативното Тело на ЕЦМИ Мрежата**

Во Регионалната Канцеларија во Скопје се одржа последниот состанок на Координативното Тело за 2003 година.

Главната дискусија се водеше околу новите амандмани на Меморандумот за Соработка, предложени за гласање на Генералното Собрание.



Се разговараше и за извештаите за работата на Регионалните Центри како и за развојот на Под-мрежите, кои треба да бидат презентирани на Генералното Собрание.

**E-mail:**ecmimkd@ecmingonet.org.mk

**Декември 10**

**ЕЦМИ НВО Мрежата**

**Генерално Собрание на ЕЦМИ Мрежата**

ЕЦМИ НВО Мрежата за подобрување на меѓуетничките односи во Република Македонија ја прослави третата годишнина во Хотелот "Холидеј Ин".



На Генералното Собрание учество зедоа претставници на сите членки на ЕЦМИ НВО Мрежата. Собранието започна со презентација на работата на Регионалните Центри како и на Внатрешните Мрежи кои се во фаза на оформување. Последователно беа изгласани и новите Амандмани на Меморандумот за Соработка, основниот документ на Мрежата. Беа избрани и 12 нови членови на Координативното Тело и

тоа 6 кои ги претставуваат Регионалните Центри и 6 кои ги претставуваат етничките заедници во Македонија.

По завршувањето на затворената сесија се одржа мал коктел на кој се придружија претставници на меѓународната заедница, националните и локалните власти, претставници на домашни и странски НВО како и претставници на бизнис секторот.

**E-mail:** ecmimkd@ecmingonet.org.mk

**Декември 12**

**ЕЦМИ Регионална Канцеларија Скопје**

**Интернационална Конференција**

**"Малцинствата во Демократиите"**

На 12 и 13 Декември во организација на ЕЦМИ и Конрад Аденауер Фондацијата се одржа интернационална конференција "Малцинствата во Демократиите".




Конференцијата се одржа во Југоисточен Европски Универзитет во Тетово.

Учесници на конференцијата беа домашни и странски експерти за малцински прашања, претставници на меѓународни организации, Амбасадите во Република Македонија, медиумите, политичките партии, владиниот и невладиниот сектор како и студенти од Универзитетот.

Конференцијат ги опфати малцинствата во Македонија, заштитата на малцинствата во југоисточна Европа како и состојбата на малцинствата во развиените демократии.

**E-mail: ecmimkd@ecmingonet.org.mk**

**www.ecmingonet.org.mk www.ecmi.de**

**www.kas.org.mk**

**26 Декември**

**ЕЦМП НВО Мрежа**

**Семинар на Внатрешната мрежа за образование**

Семинарот за вмрежување кој е дел од програмата на Внатрешната мрежа за образование, се одржа во Хотел "Ривиера" Охридод 26 до 29 Декември.

Се дискутираше на неколку теми, и тоа: Вмрежување, Визијата и структурата на внатрешната мрежа за образование, утврдување на Акционен План како и дефинирање на мисијата, целите и клучните активности.



Г-дн. Азис Положани – Министер за образование и наука беше неформален гостин на семинарот. Тој беше запознаен со мисијата на Внатрешната мрежа за образование, нејзините организации членки, работните матерјали и резултатите од сесиите. Од друга страна Министерот ги запозна присутните со идните реформи во образованието . Според неговото гледиште, главната улога на Внатрешната мрежа за образование би требала да биде во подигање на свеста на родителите за важноста од квалитетно образование на нивните деца, вклучувајќи и истражувања и кампањи.

**E-mail:ecmimkd@ecmingonet.org.mk**

## Активности на ЕЦМП НВО Регионалните Центри

**09 Декември**

**ЕЦМИ Регионален НВО Ресурсен Центар Тетово**

**Средба со претставници на Европскиот Совет, Стразбург**

Претставници на Советодавниот Комитет на Европската Конвенција за Заштита на Националните Малцинства на Советот на Европа и членовите на ЕЦМИ работната група за малцински прашања. На састанокот кој се одржа во канцеларијата на Регионалниот Центар Тетово, членовите на работната група ги презентира првичните податоци и ставови за состојбата на малцинствата во Република Македонија. Дискусијата која последователно се разви беше завршена со договор сите наредни анализи и податоци, до кој работната група ќе дојде, да бидат испратени до Европскиот Совет во вид на алтернативен извештај најдоцна до Март 2004. Овај алтернативен извештај ќе биде земен во предвид од страна на Европската Комисија при изготвувањето

на препораките за Македонија, очекувани во Мај 2004.

**E-mail: ecmitetovo@ecmingonet.org.mk**

**29 Декември**

**ЕЦМИ Регионален НВО Ресурсен Центар Битола**

**Коктел**

Во канцеларијата на Регионалниот Центар Битола се одржа Коктел за организациите членки, други НВО од општината, претставници од локалните власти и бизнис секторот.



Оваа пригода беше искористена и за прибирање на средства за Фондот за образование на ромските деца, организиран од НВО Група Феликс. За да се придонесе кон прибирањето на средствата беа изложени свеќници и честитки изработени од активистите на НВО Групата Феликс.

**E-mail: ecmibitola@ecmingonet.org.mk**

## Вести од членките на Мрежата

**05 Декември**

**ЕЦМИ Регионален НВО Ресурсен Центар Тетово**

**Прес Конференција**

Во канцеларијата на Регионалниот Центар Тетово се одржа прес конференција со цел промовирање на проектот "Ајде да направиме нешто повеќе".

Ова е заеднички проект на сите членки на Регионалниот Центар во Тетово, кој опфаќа четри Трибини. Темите кој ќе бидат покриени се унапредување на образованието, одржлив развој, евроинтеграција и антикорупција. Целта на проектот е подобрување на дијалогот помеѓу граѓаните и невладините организации и преку него изнаогање на решенија за секојдневните проблеми.

**E-mail: ecmitetovo@ecmingonet.org.mk**

**15 Декември**

**ЕЦМИ Регионален НВО Ресурсен Центар Тетово**

**Трибина “Да ја вратиме довербата”**

Во селото Шипковица се одржа трибина како дел од проектот “Да ја вратиме довербата”. Проектот го имплементира Форум на албанската жена во партнерство со . НВО Хендикеп, НВО МУЛТИКУЛТУРА и НВО “Среќен живот”. Учесници на трибината беа жените од оваа село, населено претежно со албанци. Тие покажаа огромен интерест за темата која се разработуваше потенцирајќи дека е неопходно враќањето на довербата особено во овај регион кој беше најмногу погоден од кризата.

По завршувањето на трибината организаторите, претежно македонци, беа поканети на гости со цел поблиску да се запознаат со обичаите и традиционалната храна во оваа село.

**E-mail: ecmitetovo@ecmingonet.org.mk**

# Линкови

**Партнери за Демократски промени**

Партнери за Демократски промени е интернационална организациа која се залага за градење на одржливи локални заедници. Оваа организација работи на градиње на капацитет на локалните институции со цел промоција на цивилното општество и демократијата.

**http://www.partnersglobal.org**

**Институт за Глобална комуникација**

Институтот за Глобална комуникација игра огромна улога во овозможување на достапност на напредните технологии до теренските организации кои работат на човекови права, одржливост, правата на жените, решавање на конфликти итн.

**http://www.igc.orgl**

**Глобална информациона Мрежа за образование**

Глобалната информациона Мрежа за образование овозможува градење на капацитет за пристап до информации и експертиза за оние кои работат во нестабилни подрачја.

Целта на мрежата е да се формира професионална мрежа со цел размена на искуства, информации и матерјали .

**http://www.ginie.org**

**Виртуелна Канцеларија на младински НВОи од Југоисточна Европа**

Овај сајт содржи Календар на настани за младински организации од Југоисточна Европа, листа на младински НВО, листа на организации кои доделуваат на грантови за проекти и активности во Југоисточна Европа. Исто така можете да најдете и голем број на матерјали кои се однесуваат на Проект Менаџмент.

**http://www.balkanidea.org**

**ОН/ Сервис за невладиниот сектор**

Новиот сајт на ОН озозмозува информации за невладиниот сектор. Тука ке бидат објавени и публикации и репорти за невладиниот сектор како и репорти за статусот на повеке програми кои ги имплементира ОН како резултат на конференциите во последната декада. На оваа страна можете и вие да испраќате информации.

**http://www.unsystem.org/ngls**

**Иницијатива на Локалната Самоуправа и Јавниот Сервис**

Развојот на демократска и ефективна влада на суб-национално ниво останува една од од најважните точки на земјите во транзиција. Размената на искуства меѓу земјите ќе придонесе кон процесот на реформирање. Целта на оваа иницијатива е да ја помогне таквата соработка преку едукација.

**http://lgi.osi.hu/ethnic/**

## Меѓуетнички Менаџмент на Конфликти

**Малцинствата се враќаат на Балканот – напис на Богдан Иванишевич**

Напис за неуспешноста на напорот за вракање на раселените лица на териториата на бивша Југославиа.

**http://hrw.org/ wr2k4/16.htm#_Toc58744965**

**Трансендент**

Трансендент има за цел едукација на активисти преку обука и курсеви кои би

ги издигнале на ниво на професионалци во полето на мироградба и трансформирање на конфликти .
**http://www.transcend.org/**

## Главни Извори на човекови Права

**Толеранција и Не – дискриминација**

Непочитувањето на основните човекови права на Ромите во земјите на ОПСЕ предизвикува огромна загриженост. Извештаите за злоупотреба на Ромите најчесто како резултат на расистички предрасуди во областа на образованието, здравствена и социјална заштита односно во најголемиот дел од секторите на општествениот живот. Анализата е заеднички проект на Интернационалната Хелсиншка Федерација и Европскиот Центар за Ромски Права.

**http://errc.org/publications/legal/index.shtml**

**Проект за Етничките Односи**

Проектот за Етничките Односи е посветен на превенција на етничките конфликти во Централна и Источна Европа, Балканот и Поранешниот Советски Сојуз. Проектот опфаќа програма од високо ниво на интервенција и дијалог и игра улога на неутрален медијатор. Исто така опфаќа и програма за тренинг, едукација и

**Проект – Фасцилитација на Заедниците во Косово**

Проект преку кој се врши фасцилитација на заедниците на Косово е насочен кон градење на стабилност и тоа насочен кон работење од долу на горе т.е. развој на локални НВОи во Косово. Целта е да се подржат и стимулираат граѓаните на Косово да станат решавачи на проблемите со кои се соочуваат во нивните заедници. Преку Проектот се овозможува подршка и знаење за трансформација на конфликти.

**http://www.crcvt.org**

**Истражувачи Конзорциум за Конфликти**

Истражувачиот Конзорциум за Конфликти е програма која ги соединува истражувачите и практичарите од различни полиња со цел теоретско доградување и создавање на нови техники за менаџирање на конфликти. Со ова ќе се придонесе кон подобро разбирање на динамиката на конфликтите а со тоа и подобрување на методите за справување со конфликтите.

**www.colorado.edu/conflict/**

**Меѓународна подготвеност**

Меѓународна подготвеност е невладина организаија посветена на мирна трансформација на насилниот конфликт. Има многу методи за разрешување на конфликтите, но секогаш е добро да се проба да се развијат процеси кои нема да се потпираат врз употребата на насилство или сила. Фундаменталните политички и социјални промени се најефективни и најефикасни преку мирни средства.

**http://www.international-alert.org/**

**Институт за Студирање на Меѓународната миграција. Георгетавн Универзитет**

Институтутот за Студирање на Меѓународната миграција ги опфаќа сите аспекти на миграцијата вклучуваќи ги и причините за потенциалните движења на населението, емиграцијата и законот за бегалци , интеграција на емигрантите во општествениот живот на земјата која ги примила како и ефектите од интернационалната миграција на социјалните, економските, демографските и безбедносните прашања.

**www.georgetown.edu**

**Набљудувачи за Човекови Права**

Како дел од Истражувањето за 2003 на оваа веб страна има дел и за Македонија во однос на развојот на човековите права, одбраната на човековите права, Улогата на Интернационалната Заедница и други информации за перформансите на оваа поле.

**http://www.hrw.org/wr2k3/europe10.html**

**Репорт за Влашкото Малцинство во Македонија**

Репортот во себе ги содржи податоците за јазикот, Идентитетот, Диалектологиа и сл. На Власите во Македонија.

**http://www.farsarotul.org/The%20Vlah%20Minority%20in%20Macedonia.pdf**

**Мрежа за Конфликт, Развој и Мир**

Целта на Мрежата за Конфликт, Развој и Мир е да го намали насилството и да им помогне на оние кои најмногу се погодени од конфликтите преку подобрување на политиката и практицирањето на конфликтната, развојната и мировната работа од страна на НВО, академските институции, консултантите и владата. Веб страната е форум на идеи, знаење и искуство.

**http://www.codep.org.uk/**

**Интернационална Амнестија**

Интернационална Амнестија е движење низ целиот свет на луѓе кои се борат за интернационално признаените човекови права. Мисијата на ИА е да истражува и да спроведува активности во таа насока со цел справување со можностите за злоуптреба на правата на физичка и ментална злоупотреба, слободата на изразување, заштита од дискриминација. На оваа страна постои и богата библиотека.

**http://web.amnesty.org**

**Магнус Хирсхфелд Центар за Човекови Права**

Магнус Хирсхфелд Центарот за Човекови Права ги промовира човековите права и слободи како дел од меѓународните законски норми.

Најголемо внимание посветува на заштита на човековите права на луѓето од маргините како што се децата, жените, малцинствата, религиозните и ленгвистичките групи, бисекуалците, ХИВ позитивните итн.

**http://come.to/humanrights**

**Центар за проучување на човековите права**

Формиран во 1978 година овој центар е еден од најстарите институции за човекови права лоцирани на универзитет. Посветен на образование и обука на потенцијалните лидери кои се занимаваат со човекови права овој центар е пионер во промоцијата на истражувањата за човековите права, образование и обука на Колумбија универзитетот и се разликува од другите по интердисциплинарниот приод кон човековата права. Влегувајќи во својата дваест и четврта година од постоењето, центарот продолжува да креира простор за размислување и интеракција помеѓу универзитетот и студентите, активистите за човекови права, носителите на политики, членовите на бизнис заедницата и останатите практичари.

**http://www.columbia.edu/cu/humanrights/about.htm**

**Жените за женските човекови права – нови начини**

Жените за женските човекови права, невладина организација лоцирана во Турција е ангажирана во застапување и лобирање за женските човекови права на национално, регионално и меѓународно ниво. Основана во 1993, оваа организација работи на признавање и имплементација на женските човекови права во сите сфери на животот, професионален и јавен и за активно учество на жените во општеството и процесите на социјални промени како слободни индивидуи и еднакви граѓани.

**http://www.wwhr.org/**

# Грантови

**Фондации на Светската Банка за НВО**

НВО станна важна нишка за давање на цивилни услуги и имплементирање на развојни иницијативи низ светот. Ова е најевидентно кај пост-конфликтните земји. Владината програма за децентрализација каде власта преминува од национално на локално ниво вроди со партнерство меѓу локалните власти и НВО. Поради ова Светската Банка оформи и посебен фонд за грантови за НВО.

**http://web.worldbank.org/**

**Фондација Хари Франк Гугенхем**

Фондација Хари Франк Гугенхем дава грантови за истражување на индивидуалци или мали тимови кои ги проучуваат последиците од насилството агрсијата и доминацијата. Овие проучувања во себе ги опфаќаат човековите права.

**www.hfg.org**

**Европска Фондација за Култура**

Ове е независна фондација која го промовира културното учество и размена во Европа и целиот свет. Ние имаме и грантови за истражување на индивидуалци или мали тимови кои ги проучуваат последиците од насилството агрсијата и доминацијата. Овие проучувања во себе ги опфаќаат човековите права.

**www.hfg.org**

**Европска Фондација за Култура**

Ове е независна фондација која го промовира културното учество и размена во Европа и целиот свет. Ние имаме и сопствена програма но ги финансираме и иновативните културни иницијативи низ светот. Поседуваме екеспетиза за развивање на иницијативите од областа на културата благодарение на долгорочното искуство од работење на терен. Програмите и

доделувањето на Грантови се основата на нашата работа.

**http://www.eurocult.org/**

**ФНТГ**

ФНТГ им помага на невладините организации да се промовираат со цел изнаогање на потребните Фондации. НВОите се поканувааат да испратат претставување на оваа веб страна. На оваа страна мозете да пратите и Предлог Проекти за финансирање.

**http://www.fntg.org**

**Интернационална Фондација за Човекови Права (ИХРФГ)**

Интернационална Фондација за Човекови Права (ИХРФГ) е асоцијација на даватели на Грантови кои се посветени на заштита човековите права декларирани во Универзалната Декларација за заштита на човековите права како и во договорите и законите кои произлегоја од неа. Со тоа придонесуваат сите луѓе да можат да ги уживаат тие права.

**http://www.hrfunders.org**

**Институт за Мир на САД**

Институтутот за Мир на САД дава финансиска подршка за истражувања, образование и тренинг како и за пренос на информации за мир и разрешување на конфликтни ситуации на меѓународно ниво. Грантови се нудат за широк круг на релевантни дисциплини, вештини и пристапи. Главните области на интерест на Институтот, и покрај тоа што нема строга рестрикција, се интернационално разрешување на конфликти, теории на преговарање, дипломатија итн.

**http://www.usip.org**

Се надеваме дека ова декемвриско издание на информаторот на ЕЦМП НВО Мрежата ви беше од корист. ЕЦМР Проектот во Македонија е финансиран со великодушна поддршка на:

British Embassy Skopje

Royal Danish Ministry of Foreign Affairs

ODIN The Royal Norwegian Foreign Ministry

Swedish International Development Cooperation Agency

Ако имате било какви коментари или предлози за подобрување на овој информатор, ве молиме контактирајте со Верица Грданоска на:

Европски центар за малцински прашања
Регионална канцеларија Скопје
Ул. Мајка Тереза 13а, 1000 Скопје
Телефон: +389 (0)2 3215 637; 3215 638
Факс: +389 (0) 2 3215 639
E-mail:ecmimkd@ecmingonet.org.mk
www.ecmingonet.org.mk
www.ecmi.de

**ЕЦМП Регионален Центар Скопје**
Адреса: Мајка Тереза 13а, Скопје
Телефон/Факс: 389 (0)2 3215 637
E-mail: ecmiskopje@ecmingonet.org.mk
Лице за контакт: Гордана Цветкоска

**ЕЦМП Регионален Центар Куманово**
Адреса: Локалитет Гарнизон 1/1-2
Телефон / Факс: 389 (0)31 425 456
E-mail: ecmikumanovo@ecmingonet.org.mk
Контакт Лице: Елена Петковска

**ЕЦМП Регионален Центар Битола**
Адреса: Јосиф Христовски 4/4, Битола
Телефон / Факс: 389 (0)47 236 874
E-mail: ecmibitola@ecmingonet.org.mk
Контакт Лице: Лидија Ангелковска

**ЕЦМП Регионален Центар Гостивар**
Адреса: 18ти Ноември 37а, Гостивар
Телефон / Факс: 389 (0)42 212 273
E-mail: ecmigostivar@ecmingonet.org.mk
Контакт лице: Небија Исмаили

**ЕЦМП Регионален Центар Штип**
Адреса: Ванчо Прке 62/3-2, Штип
Телефон / Факс: 389 (0)32 382 510
E-mail: ecmistip@ecmingonet.org.mk
Контакт лице: Татјана Николовска

**ЕЦМП Регионален Центар Тетово**
Адреса: Илинденска 97, Тетово
Телефон / Факс: 389 (0)44 331 854
E-mail: ecmitetovo@ecmingonet.org.mk
Контакт лице: Елвира Муртезани